***З А П И С Н И К***
***од 27-ма седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 29.09.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, раководителот Мише Милошевски, Моника Петревска и Катерина Огненовска. На седницата присутни беа директорката на СОУ "Крсте П. Мисирков" Демир Хисар Маја Лозановска, вд директорката на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар Андријана Цветковска, претставник на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар Данка Петревска. На седницата присутен беше и Драган Јанкуловски претседател на МЗ Брезово по предходно најавено присуство.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 26-та седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 11 „за"

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура".
2. Разгледување на состојбата со изградба на храмот Св „Кирил и Методиј" Демир Хисар и Информација за сопственоста на земјиштето наменето за изградба на храм.
3. Донесување на ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година.
4. Усвојување на Годишен Извештај за работа на СОУ „Крсте П Мисирков" Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.
5. Усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
6. Давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П Мисирков" Демир Хисар за 2023/2024.
7. Усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2022/2023 година.
8. Усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2023/2024 година.
9. Донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.
10. Донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2023/2024 година.

11. Донесување на Решение за давање согласност на Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар.
12. Донесување на Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар.
13. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. Советникот Аце Јанкуловски предложи првата точка Разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар да се повлечи. Со 11 „за" беше прифатен предлогот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се дополни дневниот ред со точка Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура" на предлог на општината, при тоа додаде оваа точка да биди прва на местото на точката која се повлекува. Едногласно со 11 „за" беше прифатен предлогот. Други предлози немаше. Дневниот ред беше усвоен.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура"***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура" објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. При тоа ги запозна советниците согласно одобрените средства за општината од програмата за рамномерен регионален развој има останато средства наменети за резервен проект. Овие средства ќе се искористат за изградба на улици Вардино и тоа до манастирот Св. Елена и Констатин и улици во долниот дел на селото. Предходно беше планирано како резервен проект за водоводната мрежа во Слепче, но ќе бараме да се изврши замена на проектите, има таква можност, а за планираниот проект во Слепче ќе се обезбедат средства од друга програма за целосно негово завршување. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување околу замента на проектите и дали ќе се реализираат и двата проекти, дали сте сигурни дека ќе се обезбедат средства за Слепче. Раководителот Мише Милошевски објасни има можност да се реализираат двата проекти, ако се успее да се изготви проектната документација целосно ќе се реализира ако не по фази, има некоја корекција на проектот за Слепче. Овие средства се одобрени со Одлука на Влада од нас зависи како ќе ги искористиме, не е проблем да се аплицира треба да имаме добра техничка документација, тоа е наша обврска. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Разгледување на состојбата со изградба на храмот Св „Кирил и Методиј" Демир Хисар и Информација за сопственоста на земјиштето наменето за изградба на храм***

Во врска со точката за Разгледување на состојбата со изградба на храмот Св „Кирил и Методиј" Демир Хисар и Информација за сопственоста на земјиштето наменето за изградба на храм Претсадателот на Совет Љупчо Најдовски објасни оваа точка е на негова иницијатива, имено од одржаната средба на иницијативниот одбор и претставниците од МПЦ било укажано дека сопственоста на земјиштето треба да се реши односно сугерираат општината да поднеси барање до Влада земјиштето да се отстапи на општината, а потоа со одлука на МПЦ. Да се реши тоа и да се почни со изградба на храмот. Претставникот од општината Катерина Огненовска објасни согласно урбанистичката документација нема формирано градежна парцела за изградба на храмот. Општината не можи да го додели земјиштето на МПЦ, бидејќи тоа може да се направи само преку постапка за наддавање. Најпрво треба да се формира градежна парцела со изработка на урбанистички проект тоа општината треба да го направи, а потоа МПЦ да поднеси барање за откуп на земјиштето и да се спроведе постапката. Советничката Сандра Пејковска додаде она што е од наша страна да се сработи, да не се развлекува постапката да се донеси одлука. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи сега да се донеси одлука за започнување на постапката за формирање на градежна парцела. Дискусија повеќе немаше. За одлуката-заклучокот со кој се налага општината да започне постапка за изработување на соодветен урбанистички проект со цел формирање на градежна парцела на земјиштето наменето за изградба на храм Св. Кирил и Методиј гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 3. ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година***

Оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година беше усвоена од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше претставникот Моника Петревска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 4. Извештај за работа на СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

Годишниот извештај за работа на СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година беше усвоен од комисијата за опшетвени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше директорката Маја Лозановска. Дискусија немаше. За извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Годишна програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Годишната програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше директорката Маја Лозановска. Советничката Марина Димистријовска праша дали има нешто ново што се планира во програмата, а не било планирано предходна година. Директорката Лозановска објасни самата содржина на програмата има нов концепт, потоа се што се реализирало се трга од програмата, се планираат нови активности. Во програмата не е внесено, а новина е и тоа што министерството има нов правилник за користење на мобилни телефони и кодекс на облекување на наставниот кадар и на учениците, но сеуште не комплетиран правилникот. Исто така известен е претседателот на Советот дека тројцата членови во Училишен одбор кои ги предложи Советот не присуствуваат на седниците повеќе од три пати без образложение. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за 2023/2024***

Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за 2023/2024 беше донесена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесена согласноста против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2022/2023 година***

Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2022/2023 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска. При тоа објасни со средствата кои се одобрени за детската градинка платен е дел од долгот за нафта со тоа можи да се направи нова порачка, исто така со зголемување на надоместокот за престој ќе се ублажи финансиската состојба во детската градика за што се заблагодари за подршката од Советот. Советничката Марина Димистријовска праша дали има реакции од родителите за покачувањето на надоместокот за престој. Директорката Цветковска објасни реакции нема сите се свесни колку се покачени цените на сите производи, зголемената сума не е некој товар на родителите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали ќе добијат повеќе средства од Миснитерството за труд и социјална политика, бидејќи имаат повеќе деца кои се запишани. Вд директорката Андријана Цветковска објасни буџетот на детската градинка е помалку од 9 милиони, повеќе години е ист не е променет. На неколку наврати се зголеми платата, повисоки цени на храна, а буџетот остана исто само за плата ако не ни дадат повеќе средства ќе нема и за плата. Претседателот на Советот Најдовски додаде ова е хаотична работа се зголемуваат платите, растат цените на производите има зголемен

број на деца, а буџет исти.  Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2023/2024 година***

Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2023/2024 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објсани претседателот на комсиијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоена програмата.

***ТОЧКА 9. Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар вд директорката Андријана Цветковска објасни ова е усогласено со одлуката од Совет. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2023/2024 година***

Во врска со Одлуката за давање согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2023/2024 година објаснување имаше вд директорката Андрија Цветковска, при тоа нагласи дека има група која има повеќе деца од зконски определената бројка. На таа група е доделено уште едно лице кое е ангажирано преку проект како помош поради зголемениот број на деца се со цел да се згрижат сите деца. Но од страна на воспитувачот кој ја води групата има реакции, дека дополнителното лице неповолно влијае, и дека нема услови да работи со зголемен број на деца. За ова е известен Управниот одбор, инспекторатот исто има поднесено барање и до општината. И да бараме вработување на нови лица нема да ни дозволат од министерство. Советникот Сашо Михајловски праша дали со оваа одлука ние даваме согласност да има повеќе деца од законски определениот број  со што би се решил проблемот. Советничката Јасмина Јовановска забележа во групата има воситувач, неговател и помошно лице. Советничката Марина Димитријовска предложи да се направи внатре прераспоред да се смени во друга група. Вд директорката Андријана Цветковска објасни има вакви групи и во други градинки законски не е проблем. За предлогот за смена на групата не прифаќа лицето. Советникот Аце Јанкуловски  додаде вработените неможи да одбираат со кого ќе работат. Дискусија повеќе немаше. Одлуката беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Решение за давање согласност на Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар***

За Ценовникот на услуги за превоз од страна на  ЈП Дехи Транс Демир Хисар објаснување имаше претставникот Данка Петревска. При тоа објасни има мала корекција за Смилево и Обедник се враќа старат цена. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна предходната година имаше барање од родителите во Единаковци, учениците да се замаат од друга постојка тоа треба да го регулирате исто и во Стругово. Претставникот Петревска објасни ќе биде пренесено. Дискусија повеќе немаше. Ценовникот  беше донесен со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар објаснување имаше претставникот Данка Петревска. Дискусија немаше.  Одлуката   беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Предлози и прашања***

На седницата на Совет присутен беше претседател на МЗ Брезово Драган Јанкуловски во врска со поднесено барање за повеќе активности кои треба да ги преземе општината

Некои активности се исполнети некои не, затоа повторно е присутен на седница да укажи треба да се исчисти вегетацијата на патниот правец Зашле -Брезово, патот е поткопан кај месноста викана

Стрмица која претставува опасност, да се направи потпорен зид на патот, проширување на коловозот на кривините, пополнувањее на дупките, ископ на канал на м.в. воденица, заштитна ограда на кривините, три камиони јеловина се потребни, да се сменат бандери, има потреба од сечење на дрва орев и багрем, потребни се две цефки ф-500 реновирање на објект продавница во селото, поставување на електрична мрежа кај манастирот св. Ѓорѓија, поставување на бекатон плочки и контењер за пластика кој ќе се чисти еднаш месечно. Потоа додаде треба да се решаваат овие прашања дел оваа година дел наредната. Исто така кучињата скитници се проблем во градот и да се постави еден басамак на скалите кај пазарот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни на предходната седница донесовме заклучок да се решаваат овие работи, сега повторно ќе донесиме заклучок да се ртеализира тоа што не е реализирано, истото се однесува и за други одлуки кои ги носи Советот да се реализираат, а не само на хартија ние носиме одлуки. До крајот на наредниот месец да се достави извештај што е реализирано, а што не од тоа што има донесено Советот. Исто имаше донесено одлука да се постават улично осветлување на две места дали е релизирано немаме повратно. За кучињата скитници има вработено лице во општината ќе биде известено, за проблемот со скалите кај пазарот ќе биди известен ЈКП „Комуналец".

-Барање од Црковниот одбор од Слепче

Бараат 60.000 денари за донација на соодветен градежен материјал за доизградба на започнати објекти во манастирскиот комплекс Добромирово.

Со 11 „за" беа одобрени средствата.

-Барање од МЗ Велмевци

Барањето е за поставување на контињери, поставување на бекатон плочки на стази кај црквата, санација на покрив на семејна куќа во селото. Претставникот од општината Александра Трајковска објасни вакво барање имаше и до градоначалникот нешто е договорено да се направи.

-Барање од СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги извести советниците дека има поднесено барање од СОУ „Крсте П. Мисирков дека членовите кои ги предложи Советот не учествувале во работата на училишниот одбор повеќе од три седници и се бара Советот да именува други членови. Советникот Аце Јанкуловски објасни колку што е запознат таму има два училишни одбори, се води постапка, има инспекциски надзор да се утврди кој училишен одбор е валиден, затоа предлага додека не се разреши целиот случај да не се именуваат други членови. Советничката Марина Димитријовска додаде според информацијата која ја има решен е случајот имало два училишни одбори, но сега тоа е средено се утврдило кој училишен одбор е валиден, дали сеуште има инспекции незнае ако е завршена постапката на наредна седница да се именуваат членови од Советот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи да се види дали е завршена постапката ако е тогаш да се именуваат нови членови.

Советничката Марина Димитријовска побара информација во врска со состојбата на градежните работи на улица 3 во Сопотница.

Раководителот Мише Милошевски објасни треба да се постави сообраќајна сигнализација за времен режим на сообраќајот дали има почнато со работа незнам, но декември треба да завршат.

-Советникот Јордан Кромидаровски ги запозна советниците дека Димче Туфески од Смилево бара да му се одобрат 3000 денари поради здравствени проблеми.

Советникот Аце Јанкуловски како претседател на комисијата за опшествени дејности објасно лицето има остварено право за еднократна парична помош и нема право по втор пат да му се одобрат средства.

Советникот Сашо Михајловски праша до каде е решавање на проблемот со затоплување на просторијата.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни на повеќе наврати е разговарано за тоа одлучивме ако нема услови нема седници нема повеќе да шетаме по институции при просторија за Совет.

Советникот Валентин Несторoски праша за реализацијата на одлуките кои ги носи Советот некои одлуки можеби треба време, но некои можат да се решат во краток временски рок како барањето за

улично иако беа одобрени двете барања не се решени. Потоа додаде во Загориче има поставено детски играчки на отворено треба да се постави тампон, бидејќи од дождопвите се прават со земја.
Советничката Марина Димитријовска се согласи барањата за улично да се види дали се решени и да се решат.
Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде за уличното не е завршена работата и за другите одлуки кои ги носи Советот треба повратна информација што е реализирано.

Дискусија повеќе немаше.
Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17- 1042/2
16.10.2023 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.